витаминка



**60 години развој и стабилност**

Обраќање на Сашо Наумоски Генерален извршен директор на А.Д. Витаминка



**Од позната Пиперана, Витаминка денес е најголема кондиторска индустрија во Македонија**

Интервју со Симон Наумоски, Претседател на Одбор на директори

Бр. 9 ЈУНИ 2016 www.vitaminka.com.mk

# ИНФОРМАТОР

60 витаминка

**ВИТАМИНКА АД Прилеп**
Леце Котески 23, 7500 Прилеп,
048 407 407, 048 407 434
contact@vitaminka.com.mk
www.vitaminka.com.mk

# СОДРЖИНА












стр.4

**Најмалите во посета кај нас**

Општествена одговорност на Витаминка

стр.7

**Витаминка доби сертификат за воведување на Халал стандардот**

Како ја завршивме 2015 година

стр.9

**Од позната Пиперана, Витаминка денес е најголема кондиторска индустрија во Македонија**

Интервју со Симон Наумоски, Претседател на Одбор на директори

стр.11

**Вработените за Витаминка**

стр.17

**Еволуција на македонскиот симбол за квалитет**

Развој на заштитниот знак и логотипот на Витаминка од почетокот до денес

стр.19

**Значките на Витаминка**

стр.20

**Ликот на нашите производи низ годините**

стр.21

**Палачинки со крем и мармалад**

Рецепти

Обраќање на Сашо Наумоски
Генерален извршен директор на А.Д. Витаминка

# 60 години стабилност и развој



**Сашо Наумоски**
Генерален извршен директор
на А.Д. Витаминка

Почитувани,

Кога започна корпоративната кампања за 60 годишнината на Витаминка, започнаа и прашањата поврзани со нашата традиција. И кога започнував да раскажувам како овој индустриски гигант порасна од една пиперана, едноставно се редеа настаните еден по еден. Дојдов до заклучок дека навистина е тешко да се напише се што сме направиле изминатите 6 децении.

Велат дека секоја приказна е едноставна, до раскажувачот е како ќе ја раскаже. Но, јас не сакам да раскажувам, бидејќи зад нас стојат вистински резултати, производи кои се развивале со години, бидејќи зад нас стојат нашите вработени. Не сакам да раскажувам бидејќи вие најдобро знаете зошто сме најдобри. Заедно направивме многу, а сигурен сум во иднина дека ќе направиме уште повеќе.

Среќен сум, а знам дека сте и вие што со брендовите на Витаминка порасна многу генерации, се менуваа многу навики, светот на комуникации целосно се промени, но страста за овој македонски бренд остана и се зајакна. Времињата се менуваат, но затоа пак чувството за задоволство кога ќе видите дека некој го купува вашиот бренд, го консумира е исто. Сигурен сум дека секој од нас чувствува гордост што е дел од една долга традиција.

Не е едноставно ниту да се направи пресек на сето она што ги одбележа овие 60 години. Многу пресеци има, премногу, но тоа нè прави компанија што има успех, затоа што секој пресек е еден нов проект, еден нов производ. А такви производи има многу. Со нив не сме само лидери во Македонија, туку и во регионот. Покажавме дека е можно македонски производи да бидат конкурентни, да бидат високо квалитетни и да се борат рамо до рамо со светски брендови. Да не заборавиме дека тоа е поради сите нас кои секојдневно се бориме на пазарот, кои се обидуваме да одиме чекор понапред од барањата на потрошувачите, кои сме како едно големо семејство. На тоа секако се додаваат постојаните инвестиции во високо технолошко производство и секако континуираната едукација на вработените.

Можеби јас сум емотивен кога станува збор за Витаминка бидејќи пораснав со цела приказна за оваа компанија, но факт е дека таа претставува гордост за Македонија. Денес сме пример за тоа како треба да изгледа една компанија во земјава, пример сме и за тоа како треба да се оди напред, да се развиваме. Поставуваме нови стандарди во иновациите, со пласирање на нови производи. Одиме чекор понапред во комуникација со потрошувачите, но секако и се обидуваме да ги антиципираме нивните желби. Ако некој порано сметаше дека има работи кои не се возможни, ние покажавме дека се е достижно.

И не бидете скромни за оваа наша приказна. Нема потреба од скромност. Сите заедно знаеме колку сме вложиле дел од себе во Витаминка и затоа ја сакаме. Ја сакаме бидејќи е една и единствена.

Да ни се множат годините и заедно да прославуваме уште многу успеси.

Со почит,
Сашо Наумоски
Генерален Директор, А.Д Витаминка

Општествена одговорност на Витаминка

# Најмалите во посета кај нас



Во 60-годишното постоење на Витаминка, многу генерации ги поминуваа своите работни денови во Витаминка и придонесоа кон градењето на нашата успешна приказна. Како што ни претставува особена чест кога нè посетуваат нашите сега веќе пензионирани колеги, така ни е навистина големо задоволство и кога нè посетуваат и најмладите, а многу од нив веруваме дека ќе станат дел од нашата приказна низ годините.

Низ очите на дваесетината второоделенци од Основното училиште „Климент Охридски" од Прилеп можевме да ја забележиме возбудата и интересот при нивната посета на работната единица Кекси, каде се запознаа со начинот и процесите на производство на вкусните бисквити Фрути. Облечени во заштитната облека за посетители на производните погони, тие постојано прашуваа прашања за постапката на печење и желирање на нивната омилена закуска, чоколадниот прелив на Фрути, како и нивното пакување. Нивното задоволство беше најголемо кога сфатија дека готовите бисквити Фрути кои штотуку излегоа при самиот крај на посетата, се всушност бисквитите за кои тие самите придонесоа во процесот на производство.

Секако, посетата не смееше да се заврши без дегустација на производите кои нашите посетители ги изработија, при што богатата понуда беше збогатена и со дел од другите производи од широката палета на Витаминка. На разделување, ни ветија дека овој несекојдневен ден и оваа посета ќе ја заокружат со интересни состави и песнички за Витаминка. Но наши специјални гости беа и учениците од основното училиште Кире Гаврилоски - Јане од Прилеп кои исто така ја посетија работната единица Кекси и имаа можност да се запознаат со работата и производството на нашите слатки задоволства. Тие ни подарија рачно изработена слика која денес ги краси нашите простории.

Презентиран ДНК на компанијата

# Нашиот проект издвоен како водечки во бизнис заедницата

Во организација на Американската Стопанска комора во Македонија, во просториите на М6 Едукативниот центар во Скопје, пред повеќе претставници од македонски компании и други организации, беа претставени три од најдобрите општествено одговорни практики, награди кои беа доделени во 2015 година.

На настанот своја презентација имаше и Душица Неделкоска како претставник од Витаминка, презентирајќи ја суштината на проектот насловен како ДНК на компанијата за кој минатата година Витаминка ја доби националната награда за општествена одговорност во категоријата Однос кон вработените.

Презентацијата и излагањето на Неделкоска предизвикаа интерес кај присутните кои продискутираа и за стекнатите искуства, начинот за постигнување безбедност и здравје при работа во секоја организација, особено интересирајќи се за правилата и прописите на постигнување безбедност и здравје при работа, информирање и обучување на вработените во друштвото.

Модератор на настанот беше Пенка Цветкова, директор за развој на бизнисот и интернационални релации, Bulgarian Charities Aid Foundation. Во М6 едукативниот центар беа претставени уште два наградени проекти во минатата година.

# Професионално усовршување на тимот на Витаминка



Менаџерскиот тим на Витаминка кој во јануари годинава присуствување на тридневна обука наменета за професионално усовршување во Крушево, ја продолжи обуката и во просториите на Витаминка. Во април и мај, предавачите на обуката д-р Звездан Хорват, признат познавач на Адижес методологијата и сертифициран предавач за оваа програма и Борислав Ѓуриќ од Адижес Институтот за Источна Европа заедно со вработени од Витаминка работеа на создавање синер тимови за решавање и спроведување на определени задачи во претпријатието.

На двете тридневни обуки, менаџерскиот тим имаше можност уште еднаш да се запознае со предусловите за донесување добри одлуки, начинот на дефинирање одлуки и предуслови за спроведување на одлуките, како и ефективното водење состаноци.

# Витаминка на вториот FMCG-самит



Со шест свои претставници земавме учество на познатиот FMCG-самит што беше организиран од ИнСтор. FMCG-самитот е најголемиот трговски настан на годината во Македонија и се одржа во Скопје, во хотелот Александар палас под мотото Од лидери за лидери. На FMCG-самитот свое излагање имаше Љупчо Велески, директор за извоз во Витаминка кој сподели лични и професионални искуства и со експертски знаења, истакнувајќи ги основните аспекти на пласирањето приватни трговски марки наспроти брендовите. На самитот којшто се организира по вторпат во Македонија, на едно место присуствуваа најважните актери на трговската сцена – од менаџментот, секторите за набавка, маркетингот и продажбата, како и консултанти, агенции и придружни дејности од Македонија и од регионот.

# Нѐ посетија студенти



Во рамките на нашите заложби за грижата за заедницата, како и посетите на учениците од основно образование, кои се запознаваа со основните процеси на производство, како и видовите на производи кои излегуваат од нашите погони, Витаминка организираше посета и на една малку постара генерација ученици, кои се специјализираат во областа на машинството и механиката. Имено, дваесетина студенти од Машинскиот факултет во Скопје ја посетија фабриката на Витаминка, каде во одделот Чоколада имаа можност одблиску да се запознаат со машините за производство, на кои се изработуваат највкусните чоколади на Витаминка. Советникот на Претседателот на Одбор на директори на Витаминка, Димитар Спиркоски, ги водеше студентите низ нашиот погон за чоколада, каде ги запозна со начинот на производство на чоколадата, притоа презентирајќи им ги најновите машини за чоколадо на Витаминка, произведени од реномиран швајцарски производител - инвестиција на компанијата вредна 2,5 милиони евра. Дополнително, Управникот на Одржување со Енергетика, Ѓорѓи Јовановски и Шефот на производство во РЕ Чоколада, Рубин Кочоски, ги запознаа студентите од четврта година на Машинскиот факултет во Скопје со мулдинг линијата, каде се изработуваат некои од најпознатите брендови на чоколада на Витаминка. Кон крајот на посетата, при разгледот на Хемиската лабораторија на Витаминка, гостите се освежија со Цевитана, како и со мноштво други производи од нашата палета на производи.

# Започна Bubble football еуфоријата на Витаминка!



Во незаборавна адреналинска забава се одржа Bubble football турнирот на Витаминка што изминатиот викенд се играше во Градскиот парк во Скопје, каде учество земаа 22 екипи. Витаминка како главен покровител и организатор на оваа забавна и динамична игра, за сите учесници и посетители обезбеди освежување со најновите Цевитана вкусови од манго, грејпфрут и минт лимон. За најдобрите Instagram фотографии се доделија и неколку награди.

Со овој настан се означи и почетокот на годинешнава Bubble football манија што ќе трае цело лето. Сите оние кои сакаат да учествуваат, можат да се информираат на фејсбук страната на Цевитана каде ќе бидат објавени следните Bubble football настани.

# Практична настава во Витаминка за идните нутриционисти од Прилеп

Еден од основните принципи во работењето на Витаминка е општествена одговорност. Компанијата во тој поглед, секогаш бара и нуди начини како да помогне на заедницата и им излезе во пресрет на сите оние кои имаат потреба повеќе да научат и го збогатат своето знаење од работењето и производството на Витаминка. Една од таквите акции е организираната посета на група ученици од трета година од профилот Техничар Нутриционист од Хемиско - технолошката струка при СОУ Орде Чопела од Прилеп.
Посетата на средношколците во Витаминка им помогна во подобрување и стекнување на практична настава и директно запознавање со постапките и технолошките процеси за добивање кондиторски производи, како и следење анализа во хемиската лабораторија на компанијата.
Во оваа практична настава, идните нутриционисти се запознаа со дел од правилата на испитување на суровините, полупроизводите и амбалажата и научија како да се стигне до производи со врвен квалитет, онакви какви што нуди Витаминка. Во вкусот и квалитетот се уверија и самите ученици, кога на крајот пробаа и дел од широката палета производи на Витаминка.

Библиотеката во Витаминка

# Едукација и забава со читање книги

Вработените во Витаминка отсекогаш имале почит кон пишаниот збор. Дел од книгите, каталозите и стручната литература што сега се наоѓаат во библиотеката во фабриката или на работните места кај некои од вработените, се грижливо избирани, купувани и собирани, долги години наназад. Тие служат за подобрување на стручното знаење на вработените, како и за збогатување на речниот фонд со убава белетристика или лектира за нивните деца.
Библиотеката брои повеќе наслови од правната литература, белетристиката, лектири, каталози, списанија, литература за спортот, за финансии, економска литература, брошури, како и книги за прехранбената индустрија.





# Витаминка доби сертификат за воведување на Халал стандардот


HALAL
CERTIFIKAT
ВИТАМИНКА АД ПРИЛЕП

Како една од најголемите македонски компании во прехранбената индустрија Витаминка го воведе Халал стандардот што овозможува учество на странските пазари што зависат и се вклучени во Халал системот. Овој стандард е од особено значење за компанијата бидејќи со сертификатот што го гарантира Халал стандардот, се отвора можност за извоз на пазар со 1.8 милијарди жители.

Добивањето на сертификатот што го издава Агенцијата за Халал стандард во Македонија во состав на ИВЗ, за Витаминка значи дополнителна шанса да биде застапена и конкурентна на светските пазари каде претходно не биле присутни производите на компанијата.

## Се менуваме за заштита на животната средина

# Сертифициран ИСО 14001


TÜV NORD

СЕРТИФИКАТ

Систем за управување согласно
**EN ISO 14001 : 2004**

Согласно процедурите на TÜV NORD CERT, со ова се потврдува дека

**Прехранбена индустрија ВИТАМИНКА АД Прилеп**
**Ул. Леце Котески бр. 3**
**7500 Прилеп**
**Р. Македонија**

применува систем за управување во согласност со горе наведениот стандард за следниот опсег

**Развој, производство и дистрибуција на прехранбени производи**

Регистарски број на сертификатот № 44 104 16430287
Ревизорски извештај № 10416182

Важи од 2016-05-03
Важи до 2018-09-14
(до 2019-05-02 во случај на надградба на ИСО 14001 : 2015)
Прва сертификација 2016

Сертификационото тело во
TÜV NORD CERT GmbH

Загреб, 2016-05-03

Овој сертификат е спроведен во согласност со ревизорските и сертификациски процедури на TÜV NORD CERT и е предмет на редовни надзорни проверки.

TÜV NORD CERT GmbH Langemarckstraße 20 45141 Essen www.tuev-nord-cert.com

Компанијата Витаминка успешно ја комплетира сертификацијата за системот за менаџмент на животна средина ИСО 14001:2004, преку сертификационото тело TÜV Nord Германија.

Со имплементацијата и сертификацијата на овој систем се потврдува дека Витаминка во целост ги задоволува највисоките стандарди во делот на животната средина и продолжува понатаму со уште поголем интензитет да работи посветено на овој план. На редовна основа се испитуваат сите аспекти поврзани со животната средина и се преземаат активни мерки за постојано подобрување на состојбите. Влогот во животната средина е наш врвен приоритет бидејќи сме цврсто уверени дека вложувањето во животната средина е подобрување на нашата иднина.

Преку сертификацијата на овој систем нашите производи добиваат една додадена еколошка вредност, што веруваме дека ќе биде препознаено од нашите ценети купувачи.

Во наредниот период интензивно ќе се работи на усогласување со последната ревизија на овој систем од 2015 година.

## Производи на Витаминка во Иран

# Воспоставена партнерска соработка со компанија од Иран

Витаминка и PAKNAMAN ILIA MEHR COMPANY (PIMCO), дистрибутерска компанија од Иран ја официјализираа својата соработка и потпишаа ексклузивен договор за извоз на македонски производи на пазарот во Иран.



Договорот беше потпишан во Техеран, во Стопанската комора на Иран, каде присуствуваа Љупчо Велески, директор на извоз во Витаминка и Петар Стојковски, шеф во извоз во Витаминка, како и претставници од PIMCO меѓу кои и Мердад Сафдари, сопственикот на компанијата и Мади Амир Џафари, директор по продажба и маркетинг во PIMCO.

Иранскиот пазар е во дефицит од производи со врвен квалитет и достапни цени, па затоа главен дел од договорот се темели на извоз на чоколади и чоколадни производи, бонбониери и дигестивните кекси, произведени од Витаминка.

Договорот помеѓу Витаминка и PIMCO е пример и показател дека со работа и посветеност возможна е соработка меѓу две големи компании како што се Витаминка од Македонија и PIMCO од Иран. Овој ексклузивен договор со компанија од Иран претставува огромна чест и задоволство за Витаминка затоа што засега таа е единствената македонска компанија која склучила соработка со иранска компанија и тоа ќе остане запишано во историјата.

Најдоброто од Македонија!

# Стоби Флипс најсилен домашен бренд!




Според истражувањето на компанијата Валикон која веќе 13 години ја истражува јачината на брендовите во секторот на производи за широка потрошувачка – FMCG, на просторот на поранешна Југославија, познатиот бренд на Витаминка го држи првото место од домашните брендови во листата од 10 најсилни брендови во Македонија за 2015 година. На целата листа за најјаките брендови кои што се присутни во Македонија, Стоби Флипс е на третото место.
Истражувањето на Валикон за моќта на брендот е спроведено врз основа на препознатливоста, искуството и користењето на истиот. Валикон како компанија е специјализирана за мали пазари, прилагодени решенија, современа методологија и блиска соработка со клиентите. Компанијата претставува една од водечките агенции за советување и испитување на пазарот на подрачјето на регионот на југоисточна Европа, со посебен фокус на земјите на поранешна Југославија.

Ги поддржуваме победниците

# Игор Стефановски Иџе го презентираше својот нов авто рејсинг тим пред македонската публика



Европскиот шампион на ридски патеки, нашиот Игор Стефановски Иџе го претстави својот нов тим, екипата на Лема и возилото Сеат Леон, со кои ќе се натпреварува во престижното европско натпреварување ЕТЦЦ. Во Skopje City Mall, македонската публика за првпат имаше прилика да се запознае со еден професионален авто рејсинг тим и да дознае повеќе за тоа како функционира екипата со која Иџе ќе се обиде да ги задоволи амбициите и очекувањата во ЕТЦЦ натпреварувањето. Тој за првпат ќе вози во Европскиот шампионат на кружни патеки.
Мотив плус за Иџе и неговиот тим е и наградата за шампионот којашто по автоматизам обезбедува место за следната сезона во најпознатиот Светскиот шампионат ВТЦЦ.
Цевитана на Витаминка како повеќегодишен поддржувач на Игор Стефановски Иџе и понатаму ќе продолжи со поддршката за него и со верувањето дека тој со својата нова екипа и своето возило брзо ќе се адаптира и ќе продолжи да победува и радувајќи ги сите љубители на автомобилизмот.

Интервју со Симон Наумоски, Претседател на Одбор на директори

# Од позната Пиперана, Витаминка денес е најголема кондиторска индустрија во Македонија



**Господине Наумоски, Витаминка оваа година одбележува 60-годишен јубилеј, што тоа значи за Вас како Претседател на Одбор на директори?**

Со навршувањето на 60 години од постоењето на Витаминка се навршуваат и 42 години на мојот пат во оваа компанија. Овие 42 години моето секојдневие е поврзано со оваа компанија во сите нејзини фази. Денес слободно може да кажам дека пред нас стои гигант во кондиторската индустрија. За мене, Витаминка е вистинска гордост. Изминативе години бев дел од нејзиниот раст, бев директно одговорен за тоа како ќе се развива. Кога сте дел од ваква компанија, со одличен тим зад себе, Витаминка е дел од вас, дел од вашето битисување. Денес, после сите овие години и со успешното наследување на мојата директорска позиција во компанијата од страна на мојот син, без двоумење можам да кажам дека Витаминка со сите нејзини вработени и практично е мое семејство. Со претходно веќе стекнато искуство на неколку работни позиции и повторно во производниот сектор, во Витаминка доаѓам да работам како директор во 1974 година. Но сепак, Витаминка денес е многу повеќе од тогаш. Во тоа време популарно позната и нарекувана Пиперана, беше познат и производен капацитет, но со оглед на ограниченото производство од само еден производ, црвен пипер, разликата е повеќе од воочлива. Витаминка денес не произведува црвен пипер и одамна го има напуштено концептот на само еден производ. Денес таа е прехранбена индустрија со 15 производни линии и најголема кондиторска индустрија во Македонија.

**Колку се променила компанијата од нејзините почетоци па до денес?**

Многу, навистина многу, посебно во сеќавањето ми се врежани првите години кога дојдов во Витаминка. Тогаш сè беше ново за мене и дојдов во фабрика која што беше веќе разработена, но исто така тогаш започна и период на пресврти и превирања, што беше еден голем предизвик за мене. Се сеќавам во тој период во траење од 2-3 години откако дојдов во Витаминка имаше тешки моменти, посебно за мене. Дојдов да работам во фабрика за која не знаев ништо, што произведува, во каква состојба е и колкави се потенцијалите.
Само јас и мојата сопруга знаеме што се преживеав во првите 2-3 години работејќи во оваа фабрика. Честопати по работното време лутав надвор од градот размислувајќи за моите менаџерски потези, што треба да направам и како да придонесам да се решат натрупаните проблеми. Првите потези што ги преземав беа да ја научам технологијата и калкулациите во фабриката, да ги запознам детално клучните кадри, каква е состојбата со пазарот и откупот и постоечките потенцијали за фабриката.

**Што најмногу придонело за промените во компанија?**

Тоа што во тој период ја ставив на приоритетната листа и заедно со уште неколку соработници околу мене, се посветивме на иднината на Витаминка, беше клучно за денешниот престиж. Следната моја одлука беше да ангажирам неколку високо-образовани соработници кои ќе помогнат во создавање на издржани и перспективни реформи во фабриката и итно да заминам низ тогашна Југославија барајќи нови купувачи, во обид да продадам што поголема количина од стекнатите резерви од црвен пипер, а со цел да ја избегнам уште поголемата загуба што ми се закануваше со губењето на квалитетот на производот. Следно беше, што побрзо да ги одврзам, ослободам финансиските средства затворени во кредити и резерви и воедно, паралелно со овие потези, да најдеме, активираме нови производи со кои би стартувале ново производство заедно со црвениот пипер, значи да го проширам асортиманот но користејќи ги постоечките капацитети и работници во фабриката.

**Сте биле присутни и сведок на многу пресвртни моменти во Витаминка, според Вас на што се должи големината на оваа компанија?**

Досегашното искуство ме научи многу, а највредното знаење што го стекнав е дека внимателното и грижливо, домаќинско работење секогаш се исплатува. Во моето време поминато во Витаминка, а тоа го вклучува и сегашното, сум имал среќа околу мене да имам вредни и паметни соработници, вработени кои што верувале на нашите одлуки и кои што бескомпромисно се посветувале на работата и посветено и одговорно работеле. Сето тоа, како компилација на врвни вредности придонесе денес Витаминка да биде лидер на македонскиот кондиторски пазар, еден од најуспешните производствени капацитети.

**Во сите овие години, дали има некој момент или случка што Ви оставиле посебен впечаток?**

Несомнено, човек треба да ги памети и да се навраќа на убавите моменти и спомени, тие да ги раскажува и да дозволи нивната позитивност да му ја хранат сегашноста. Но, во моето работење во Витаминка небришлива трага оставија тешките моменти, моменти кога многу работи беа доведени во прашање и кога заедно со тимот сме успеале да ги надминеме и уште сме постигнале извонредни резултати. Како што кажав, најтешките моменти се воедно и најдраги затоа што претставуваат и голем успех. Еден од тие, а воедно и најтешките моменти е периодот од 1992 до 1994(5) година, или поточно од моментот на распадот на СФРЈ и кога Република Македонија стана самостојна држава. Тоа беше еден период проследен со многу искушенија и предизвици. На крајот од 1991 година одеднаш се најдовме на пазар од 2 милиони жители, во земја опкружена со затворени граници од три страни и со само еден отворен пат за нашите камиони или за пристап на камионите со суровини, преку Софија до Романија и од таму кон Европа. Истовремено, телефонските и телеграфските врски за цела Македонија беа прекинати пред Белград, а нашите контакти со светот исклучиво преку факс и телекс, беа преку нашето претставништво во Сараево.
Во 1992, '93 и дел од '94 година, нашата продажба изразена како вкупен приход се намали за околу 4,5 пати во однос на остварениот приход во 1991 година. Покрај сите тешкотии, успеавме да ги задржиме сите вработени и благодарение на претходниот успех како и доброто менаџирање со истиот, успеавме да преживееме огромни потешкотии во овој долг и воедно најтежок период во моето работење во Витаминка.
Сите останати години во изминативе 42 беа одлични, а потврда за тоа е и фактот што




Претседателот на Одборот на директори Симон Наумоски со дел од тимот на Витаминка

компанијата ни еден ден немала блокирана сметка и сите свои финансиски обврски сме ги подмирувале навремено.

**Дали Вашата првична визија за Витаминка кореспондира со денешната позиција што компанијата ја зазема на пазарот во Македонија и надвор?**

Кога првпат почнав да работам тука и во следните неколку години, односно кога веќе ги пребродивме најголемите критични периоди и кризни ситуации, мојата визија беше врзана само за моменталното излегување од кризата. Но, понатаму таа се развиваше и се создаде токму врз база на овие моменти. Односно, мојата визија и тогаш и денес е Витаминка да биде толку голема, моќна, напредна и софистицирана, да може со леснотија да го преброди секој момент. Затоа, во изминативе 2-2,5 години што од кредити, што од сопствени средства или од средствата од фондот за амортизација, ги вложивме во опрема од околу 8 до 8,5 милиони евра, што е најголемиот обем на вложени средства за овој краток период, уште од постоењето на компанијата. Купена е, монтирана и пуштена во редовно работење компјутеризирана линија за подготовка на чоколадна маса, потоа купена е најмодерна линија за производство и пакување на Стоби Флипс и други слични производи што го зголеми капацитетот на старата линија за 2,5 пати. Исто така, комплетно е оспособена линијата за зголемување на капацитетот за производство на чоколадирани производи, а пред сè за новиот, а познат бренд, Чоко Стоби Флипс. Модернизирани се и другите делови од производството на компанијата, така што, денес Витаминка е скоро 95% оспособена со модерни машини во производните погони за непречено влегување на кој било пазар во светот.

Сите светски системи за контрола на квалитетот, освен Кошер на којшто моментално се работи, се воведени и функционираат беспрекорно. Нашиот најголем подвиг во работењето во оваа и претходната 2015 година е висината на вложувањето во модернизација на компанијата. Витаминка и во наредниот период ќе продолжи да инвестира во нови зафати, можеби не толку обемни како инвестициите во претходниот период, но сепак ќе продолжиме со инвестиции на планот на чоколадните производи, во нова група на програмата грицки, како и изградба на нов магацински простор за готови производи со многу поголем капацитет од досегашниот.

**Што Ве прави најмногу горд што сте дел од Витаминка, дали е тоа 60-годишното постоење, присутноста на бројни светски пазари или пак тоа што Витаминка со некој од своите производи е присутна во сечиј дом во Македонија?**

Во името Витаминка се вкомпонирани неколку вредности што воедно се тежината на оваа компанија и би рекол дека претставуваат гордост за секој што работи тука. Пред сè, производството на сопствените производи секогаш било и е редовно, стандардизирано, со препознатлив висок квалитет. На тоа следи редовна испорака на своите производи за купувачите од која било земја. Покрај квалитетот, нашите производи имаат и продажна цена создадена соодветно на секој од пазарите каде се наоѓаме. За вработените во Витаминка важи едно правило, дека купувачите се секогаш во право и дека од нашата работа, од квалитетот на нашите производи зависи колку потрошувачите ќе бидат задоволни. А ова правило како своевиден кодекс на однесување се однесува за секој еден производ што излегува од нашите погони, без разлика за кој пазар е наменет, дали за домашниот, за Њујорк, Нов Зеланд или за Африка. Тоа што сите веруваат во нашиот квалитет и вредноста што ја има, најмногу ме прави горд.

**Каде ја гледате Витаминка во иднина?**

Витаминка денес своите производи ги извезува во 40-тина земја низ целиот свет. Од Извозот остваруваме околу 45% од вкупниот остварен годишен приход. Ги извезуваме скоро сите наши производи со доминација на чоколадната програма, чоколадните школки Атлантис, Стоби Флипс, Чоко Стоби Флипс, Цевитана, мајонезот Витанез, меките кекси Frutti, интегралните кекси Деспина. Последниот наш успех на полето на извозот е од пред извесно време потпишаниот договор со партнер од Иран, многу интересен и вреден за нашата компанија.

И покрај сето ова, стратегијата на Витаминка е во следните 2-3 години да го зголеми извозот, да тој учествува во креирањето на вкупниот приход на компанијата со уделот од 60 до 65% со паралелно зголемување на продажбата на годишно ниво и на домашниот пазар. Големи оптимисти сме на овој план и веруваме дека точно тоа ќе го достигнеме, но проследено со зголемување на профитот и продуктивноста во работата.

# Вработените за Витаминка

## Бранимир Димков
Сектор за инвестиции и развој



Развојот на една компанија е условен од нови инвестиции. Секоја компанија што сака напредок во полето каде што е застапена, мора да инвестира во унапредување и усовршување на процесите за работа. Со задоволство можам да кажам дека јас како вработен во Витаминка сум бил сведок на успешно реализирани голем број капитални проекти меѓу кои беше и новиот погон на подготовка на чоколада, како и новиот погон за производство на Стоби Флипс, нашиот најголем бренд на пазарот. Уверен сум дека во иднина ќе добиеме многу позитивни резултати од овие две инвестиции во Витаминка.

## Павлина Тренкоска
Архивар и технички секретар



Во Витаминка работам од 1982 година. Започнав како дактилограф, а потоа бев и архивар, за последните 8 години да работам како архивар и технички секретар. Ова се работни позиции коишто бараат многу внимание и одговорност во работењето. Но, мојата верба и вербата во компанијата и колегите ми помогна да ги совладам тешките предизвици и станам вистински професионалец во работата. Тоа докажува дека Витаминка преставува едно големо семејство во кое секој ја знае својата задача и улога, а што е уште поважно и секој е тука да ти помогне кога тоа е потребно. Низ годините наназад, сите живееме заедно и споделуваме секојдневни проблеми и решенија што произлегуваат од тековното работење. Баш тоа нè прави едно големо семејство како што сме сега. Навистина ми е чест што заедно со сите колеги го прославувам 60-годишниот јубилеј на Витаминка.

## Ана Гулеска
Дактилограф

Работен стаж во Витаминка имам 33 години а првата година работев како пакерка во секторот за зачини и прашкасти производи, а потоа дактилограф. Бевме вработени 4 дактилографки и ги опслужувавме сите сектори. Немаше работно време, ако требаше да се заврши работата, се остануваше и после работно време. Често, ако е не и секој 8-ми Март, добивавме продолжен викенд и можност да одиме на заедничка прослава во некој од познатите хотели низ Македонија. При тие патувања имавме можност да се сретнеме и дружиме со жени од цела Македонија, но ние вработените од Витаминка секогаш се истакнувавме со примерно однесување. Како колектив секаде бевме примерни и имавме големо почитување за Претседателот, дипл. инг. Симон Наумоски. Тоа се разбира дека е резултат на компаниската култура на однесување и политика на менаџментот. Тогаш, во тоа време немаше камери и мобилни телефони. Јас сум последна дактилографка, а сега младите вработени самите си ја завршуваат работата, за која што јас бев и сум и обучена и вработена. Кога добивме компјутери имаше само 4 во цела фабрика, но денес работите се сменети, и тоа на поубаво, што ме радува. Задоволна сум што ги гледам денешните позитивни промени, а сепак што и младите генерации ги наследиле истите вредности и позитивните меѓучовечки релации.



## Петар Стојкоски
Шеф во извоз

Да се биде на позиција Шеф на извоз во Витаминка, една од најголемите македонски компании, е навистина голем предизвик и задоволство. Оваа работна позиција бара пожртвуваност, разбирање и многу трпение. Јас и мојот тим сме одлична екипа која секогаш се стреми да освои различни и нови пазари во странските земји, а исто така и да ги задоволи и услужи веќе постоечките купувачи. Застапени сме во повеќе од 30 земји во светот. Високиот квалитет на нашите производи ни овозможува полесно да навлеземе во нови пазари, а комплетната поддршка што ја добиваме од останатите сектори во Витаминка ни овозможува ефективно и ефикасно да го комплетираме целиот тој процес. Со нашите иновации, неуморно продолжуваме да го одржуваме континуитетот во воспоставената 60 годишна традиција на производство и пласман од високо квалитетни производи што ги има Витаминка.



## Златко Ристески
Шеф на шпедиција

Во Витаминка сум од 1983 година. Оттогаш до денес Витаминка помина низ многу фази на нагорен развој, доаѓајќи до позиција на најдобра компанија во прехранбената индустрија во Македонија и регионот. Лично сум среќен и задоволен што моето прво и се надевам последно вработување е во оваа реномирана компанија. Мислам дека сите ние, вработените во Витаминка, сме свесни за големината на нашата фирма и се гордееме што сме дел од неа. Веруваме дека како дел од Витаминка ќе продолжиме да растеме и да се надградуваме, оправдувајќи ја позицијата – најдобра македонска компанија во прехранбената индустрија.



## Јулијана Антулеска Јованоски
Асистент на Генералниот менаџер

Да се биде дел од Витаминка е гордост и одлика во сечија професионална кариера. Тоа што јас сум член од едно многубројното семејство како што е Витаминка, посебно ме мотивира и ми дава стимул за уште поголема креативност во мојата работа. Работната атмосфера во компанијата секогаш е исполнета со динамични и активни луѓе, посветени во областа од својата работа, професионалци со цврста визија во работата кои придонесуваат за уште подобри резултати за нас и нашата компанија. Секој ден е нов предизвик, а сите дејствија се движат во една насока - оптимална организација на активностите на релација CEO - вработени, и обратно. Сите се грижиме еден за друг, а кога тоа беспрекорно функционира, тогаш и компанијата лесно може да просперира.



## Роза Чочева
Шеф на финансиска оператива

Оваа година е јубилејна за нашата компанија, оваа година нашата Витаминка го слави својот 60ти роденден. Ако се навратиме во минатото и се присетиме на сета таа упорност и макотрпно работење за да се стигне до успехот што сега Витаминка го има, навистина треба да бидеме среќни и горди што сме дел од оваа компанија. Денес Витаминка е препознатлив бренд на домашните и странските пазари, таа е една од водечките компании во делот на прехранбената индустрија и лидер во Македонија по производство на прехранбени продукти. Во Витаминка сум повеќе од 30 години и тоа работно искуство за мене преставува дел од мојот живот.
Во делот на финансиите, каде го поминав скоро цело мое работење, со восхит можам да кажам дека сите овие години цврсто сме чекореле напред без да дозволиме сметката да ни е неликвидна ниту еден ден, без да имаме неисплатени обврски кон државните институции или обврски кон нашите добавувачи. Никогаш сме немале присилни наплати за неподмирени долгови од сите аспекти, туку напротив ние сме биле и ќе останеме компанија која важи за фирма со висок рејтинг во оваа област. Таква иста сигурност во иднина ни ветува и раководството под генералниот директор господинот Сашо Наумоски и целиот менаџерски тим на Витаминка.



## Катерина Димеска
Кореспондент по англиски јазик



Привилегија е да се работи и надградува работното искуство повеќе од години во Витаминка, најуспешната прехранбена индустрија во Македонија. Ова е компанија која постојано ги следи и се информира за сите светски трендови и случувања во секоја област од работењето преку превод на стручни списанија и материјали, контакти, саеми и сл. Токму затоа убаво е чувството да си дел од склучување договори и проекти од голема важност и запознавање врвни личности од областа на прехранбената индустрија.

## Васко Наумоски
Проект менаџер во ИТ оддел



Големо е задоволството да се работи во компанија, која пред сè има визија и јасна цел за иднината и која се носи и ги остварува сите промени што настануваат во ова динамично време. Во такви времиња, само компаниите со изградена стратегија за напредок и развивање како што има и Витаминка, овозможува успехот да расте и да се зголемува. Знам дека и на професионален план и јас како личност ќе се надградувам во иднина бидејќи зад себе имам поддршка од компанијата во која работам.

## Слободанка Талеска
Помошник готвач



Нашата фабрика е заснована на домаќинско работење и ние вработените при извршувањето на обврските се раководиме од истата основа. Во нашиот оддел пред сè доминира разбирањето и поддршката меѓу себе. Секогаш се трудиме да биде убаво и навреме подготвена храната, чиста, да имаме убави, вкусни оброци за колегите. Сите колективно сме спремни да одговориме на секој предизвик и тука се гледа успехот. Затоа оваа компанија постигнала големи успеси досега, а ќе постигнува и во иднина кај нас и во светот. Се гордеам што сум дел од Витаминка.

## Игор Кондоски
Управник на У.Р.Е. Логистика



Витаминка ја доживувам како мое семејство и тоа што сум дел од ова семејство, ме прави навистина среќен. Мојот личен и секојдневен придонес во секторот Логистика преку испораката на готови производи до купувачите воедно е моја сатисфакција, што во голема мера ми ги олеснува работните задачи. Уште повеќе ме радува фактот што мојата работа е поврзана со задоволството кај купувачите, кое секогаш е присутно. А сето тоа, мојот однос кон работата, еланот со кој ја извршувам и на крај предизвикувањето задоволство и среќа кај нашите потрошувачи, произлегува од оваа компанија и ова окружување.

## Снежана Димитриеска
Шеф на сметководство



Вработувањето во Витаминка е моето прво работно искуство, тогаш како материјален книговодител, за денес после 33 години да бидам на позицијата шеф на сметководство. Точно, мојот професионален развоен пат е парадигма за тоа колку многу може да понуди Витаминка како современа, модерна и компанија што знае да го цени личниот ангажман на вработените, професионалното развивање па дури и да поттикнува и овозможува понатамошна едукација и само-надградување. Секој ден од мојот 33–годишен стаж е чест и задоволство да се биде дел од овој тим од оваа средина и да се придонесува за растењето и развивањето на компанијата.

## Трајанка Вељаноска
Хигиеничар



Голема благодарност што и јас сум дел од вработените во Витаминка, чест и задоволство ми е да соработувам со прекрасен тим како што се моите соработници, секогаш расположени да помогнат, да се шегуваат и го направат работниот ден полесен.

## Привилегија е да си член на семејството на Витаминка



Миле Цагадуроски
Истражувач на пазари во сектор Развој

Во Витаминка сум вработен повеќе од 35 години. Во далечната 1979 година почнав да работам како референт по маркетинг, потоа одреден период како трговски патник, па како управник на логистика, а моментално работам како истражувач на пазари во секторот развој.
Долгогодишното работно искуство во фирмата, сметам дека ми дава полно право да кажам дека е вистинска привилегија и чест да се биде дел од големото семејство на Витаминка, а еве и зошто.
Витаминка е фирма која постојано, од година во година бележи раст и во секој поглед се повеќе напредува. Убаво е чувството кога знаеш дека работиш во фирма во која ви се овозможени најсовремени услови за работа, која ви овозможува стабилна иднина, во која ви се исплаќа редовна плата (не паметам дека некогаш се случило платата да задоцни ниту еден ден), фирма во која се цени и се валоризира трудот на секој вработен кој посветено и чесно ја работи својата работа.
Витаминка е компанија со висок углед и реноме. Лично, ме исполнувало чувството на задоволство и гордост што работам во компанија како Витаминка.
Но, не се работи само за името или за условите за работа. Многу значи и позитивниот, професионален и колегијален однос на менаџерскиот тим, на претпоставените, а тој однос во Витаминка отсекогаш бил на врвно ниво.
Зарем ова не се доволни аргументи да се тврди дека е вистинска привилегија и чест да член од големото семејство на Витаминка.

## Витаминка ја чувствувам како своја



Снежана Паноска
Аналитичар планер во план и анализа

Родена сум во Струмица во 1955 година а во Прилеп живеам од 1977 година. Во П.И. Витаминка се вработив во 1985 година во секторот Развој и инвестиции. Во тој период во Витаминка се изградија погонот за мајонез, новите сушари (сега на тоа место е погонот за кечап, магацинскиот простор, технички сектор) и погонот за Витакрем.
Во 1991 година бев распоредена во Извозниот сектор, како референт по девизно работење, девизна евиденција, а подоцна ми беа доделени и земји за работа. Бев единствената жена во сектор кој важеше за „машки". Во 2012 година преминав во секторот План и анализа во кој и сега работам.

Што за мене значи Витаминка? Едноставно ми беше овозможено да ја работам работата која многу ја сакав, да запознавам нови луѓе, да комуницирам со светот. Ми се отворија нови хоризонти, придонесував со својот труд во зголемувањето на профитот на фирмата, посетував саеми каде што се изложуваа наши производи. Бевме пионери во освојувањето на пазарите на новата Европска унија, Франција, Бугарија, Романија.
Горда сум што се уште сум дел од тимот кој ја развиваше и се уште ја развива својата фирма, која ја чувствувам како своја и се надевам дека мојата работна кариера во оваа фирма ќе ја завршам со задоволство. Се надевам дека и моите колеги ќе ме запаметат како работник од кого можеле многу да научат, како за работата така и за животот.

# Како Пиперната фабрика стана Витаминка



Благоја Неделкоски
Трговски патник - Домашен пазар

За Витаминка знам уште како дете, не заради тоа што сме врсници по возраст туку многу често ги слушав возрасните кога ќеречеа „на патот за Крушево, ќе ја поминете железничката пруга и ќе поминете покрај Пиперната фабрика и патот ве носи право за Крушево" или „живеам долу кај Пиперната" или ако се случил некаков настан па ќе речат „тоа е во близина на Пиперната". Сите ја знаевме како фабрика каде има мелница за производство на црвен пипер.
Но, подоцна кога веќе бев средношколец, односно во почетокот на седумдесеттите години се позвучно беше името Витаминка. Во тој период за Генерален директор дојде сегашниот Претседател на Одбор на директори Симон Наумоски, кој заедно со својот стручен тим како и сите вработени во фирмата неуморно работеше на развојот на фирмата. Се произведуваа нови производи, се набавуваа машини, се отвораа нови погони, нови производни линии, при што нагло почна да се зголемува асортиманот на производи и Витаминка израсна во голема прехранбена индустрија чии производи почнаа да бидат препознатливи и присутни на целиот тогашен југословенски пазар и пошироко.

Пред 24 години, поточно во 1992 година започна мојот развоен пат во Витаминка како комерцијален претставник за дел од теренот на Скопје. Тоа беше периодот по распадот на тогашната југословенска држава, кога се поставија граници, блокади, се намали пазарот, време на воени дејствија во бившите ЈУ републики, транзицијата ... Тоа беа тешки времиња кога Витаминка мораше поголемиот дел од своето работење да го насочи пред сè на македонскиот пазар, во време кога постоеја прилично големи ризици од различна природа. Во тоа време Витаминка броеше нешто повеќе од 200 вработени.

Но и покрај сите овие присутни проблеми во секојдневното работење, Витаминка и натаму продолжи со нејзиниот сериозен развој. Во овој период во својот асортиман воведовме многу нови производи кои денес претставуваат вистински брендови. Само во овој период на сцена стапија Вита кремот, Витанезот, Кечапот, Сирупите, Супите, Чоколадите, Чоко флипсот, Снекс производите, Кекситe и многу други производи за кои се преземаа големи инвестициони вложувања, се набавуваа нови машини, нови линии, се отвораа нови погони, нови работни места и на крај нова фабрика за кекси. И така, денес Витаминка претставува гигант во македонската прехранбена индустрија поточно во делот на кондиторијата, со повеќе од три пати зголемен број на вработени од времето на моето вработување.

Се сеќавам на една вистинска авантура и пожртвувана посветеност кон промоција и презентација на Витанезот на македонскиот пазар. Во тоа време, со сегашниот генерален директор Сашо Наумоски, тогаш комерцијален директор стапивме во контакт со една скопска маркетинг агенција Креатива. По осмислената стратегија - беше изработена голема пластична тегла Витанез висока 1,20 метри и се расклопуваше како пулт каде што ги правевме сите наши дегустации и промоции на Витанезот. Се надевам сè уште стои некаде низ магацините во Витаминка. Со оваа тегла тргнавме со брендирано комбе низ сите скопски маркети, а потоа низ цела Македонија и тоа траеше неколку месеци. Бевме следени со засилена ТВ реклама, беше воведена акциска продажба на Витанезот и сето тоа резултираше со повеќекратно зголемување на продажбата на Витанезот. Од тие моменти Витанезот зазеде значајно место на македонскиот пазар.

Ова беше едно исклучително поучно искуство што ме наведе денес, бидејќи сум еден од највозрасните комерцијалисти на Витаминка кои работат на терен, на сите мои помлади колеги да им порачам дека секогаш кога ќе добијат задача мора да имаат своја идеја, како и поставена цел, со поставен план и стратегија за реализација на задачата и на крај сето тоа треба да биде проследено со ажурно работење и голема доза на одговорност. Јас во моето досегашно работење се водев од овие принципи и ќе продолжам до крајот на мојот работен век во Витаминка. Со ваков начин на пристап кон работните задачи, успехот никогаш нема да изостане.

Развој на заштитниот знак и логотипот на Витаминка од почетокот до денес

# Еволуција на македонскиот симбол за квалитет

Денес сите го препознаваме овој симбол, испис со бели букви врамени во црвена круна, а над нив централно поставен заштитниот знак, стилизиран цвет, во чија форма се исцртува латиничната буква „В“. Но, истиот овој симбол поминал низ неколку фази на развивање, трансформирање и еволуирање, притоа следејќи ги сите развојни фази на компанијата и успевајќи низ графички пристап да отслика што се претставува Витаминка и пред шеесет години и денес.

Зошто еволуцијата на логотипот треба да го следи растењето и развивањето на компанијата? Затоа што во изгледот на логото и изборот на боите е идентитетот на компанијата, елементите сублимирани во него треба да ги искажуваат сите вредности на компанијата, нејзиниот идентитет, суштина, основен бизнис и традицијата. Овој графички приказ на толку многу зборови за компанијата, треба да биде доволно јасно искажан, да може истите вредности да бидат прочитани во сите земји и на сите континенти каде компанијата е присутна. Вредноста на логотипот е дотолку поголема ако се знае дека неговото создавање е уметнички чин.

Но, како се одвиваше еволуцијата на логотипот на Витаминка и што во различни фази искажуваше? Првиот заштитен знак и логотип на Витаминка датираат од самиот почеток на нејзиното основање во 1956 година и е во примена сè до 1978 година. Овој прв графички приказ е во кружна форма и со него е претставен корен со стебло на црвени пиперки во цвет, а цветовите се врвот од стеблото. Стеблото е опкружено од логотипот и седиштето на компанијата, Витаминка – Прилеп. За тој период овој заштитен знак бил сосема логичен, а со сигурност и современ. Комплетно кореспондира со стилската експресија типична за тие години, а воедно и имајќи ја предвид основната дејност на Витаминка во тоа време, односно фабрика за производство на црвен пипер - Пиперана.
Во 1978 година, дојде до првата промена на знакот и логотипот. Се задржува основната кружна форма на знакот, но, на местото на стеблото со пиперки, претставена е помаркантно само една пиперка во црвена боја, со стебло, цветови и два листа на стеблото во зелена боја. Во продолжение на знакот е името Витаминка во уникатен, нестандарден логотип во црвена боја и испишано е седиштето на фирмата во зелена боја. Овој знак и логотип е во употреба до 1988 година.
Во 1988 година, како епилог на сè поширокиот асортиман на производи, како и подемот на Витаминка како на домашниот (тогаш југословенски пазар) така и на странските пазари, при што прерасна од фабрика во прехранбена индустрија, се јави потреба од повторна измена на дотогашното лого на фирмата. Овој пат од страна Сејфо Касумовиќ, тогашен дизајнер во познатата хемиска индустрија Мерима од Крушевац, Србија, изработен е сосема нов дизајн на заштитниот знак и логотипот на Витаминка. Соодветно на големите промени што се случија во Витаминка, така и логото доживува радикална трансформација. Заштитниот знак ја менува дотогашната кружна форма и преминува во квадратна форма под агол од 45 степени. Знакот сега претставува стилизиран цвет во развој, зелениот дел се лисјата од цветот, а црвената точка е самиот цвет односно плодот. Во внатрешноста на листовите испишано е карактеристичното латинично „В“, кое асоцира покрај другото и на почетна буква од името на Витаминка. Составен дел на логото се и дејноста и седиштето на фирмата „Прехранбена индустрија – Прилеп“.

Витаминка во дефинирањето на своето лого прави голем исчекор во поглед на професионалноста. Во тој период Винко Угрина, од словенечката агенција Center za sodobno oblačenje in opremo, ги дефинирани графичките стандарди на Витаминка, конструкцијата на знакот, основната и пратечката типографија, основните бои, односот на знакот и логотипот, примената на новото лого на амбалажа, на корпоративни материјали и слично. Во овој период за првпат изработена е и латинична варијанта на логотипот.
Во 1993 година, се раѓа денес нашироко познатиот и општо прифатен слоган Свет на вкусови, како најексплицитна асоцијација и дескриптивна врска со Витаминка.
Од страна на агенцијата Идеја плус од Белград чиј директор беше Иво Лауренчиќ, направена е нова верзија на логото на Витаминка, комбинација од претходно постоечкото, на која е додадена графичка апликација со слоган „Свет на вкусови“, апликација која е доминантна, со цел и мотив да се потенцира широката палета на производи на Витаминка. Ова лого изработено е во три варијанти, со кирилична, латинична и англиска верзија.

Најновата верзија на логото од 2003 година, која што и денес е во употреба го задржува заштитниот знак и логотипот во вертикална комбинација во бела боја. Името на компанијата е ставено во рамка во црвена боја, а над името централно е поставен препознатливиот стилизиран цвет со листовите во таканаречена „круна“, во чиј изглед се препознава латиничната буква „В“. Во оваа дескрипција изоставени се зелената боја како и дејноста и седиштето на фирмата, затоа што брендот израсна до својата полна зрелост и неговата препознатливост како и потеклото се неспорни. Изработено е во кирилична и латинична верзија и е во моментална употреба.
Денес логото на Витаминка покрај тоа што е синоним за сето она што оваа компанија претставува на македонскиот, но и на странските пазари, уште со својата еволуциона историја претставува засебна вредност за наследството и традицијата на компанијата.

1956 - 1978

1978 - 1988

1988 - 1993

1993 - 2003

2003 -

# ВРЕМЕПЛОВ СО ВИТАМИНКА














# НИЗ ФОТОГРАФИИ



# ЗНАЧКИТЕ НА ВИТАМИНКА




витаминка
ПИПЕРКА
нето 100 g


ПЕЦКО
пеперминт
ВИТКО
ананас
ВИТКО
банана
ВИТКО
малина
ВИТКО
мандарина
VITKO
jagoda


PALENTA
instant
KAČAMAK
vitaminka
PREHRANBENA INDUSTRIJA - PRILEP


Nº1
витаминка




Bonitas
Bonitas
Bonitas
Стоби флипс


dafinka
DAFINKA

*Рецепти од потрошувачи*

# Палачинки со крем и мармалад



## Потребни состојки

- 2 јајца
- 4 шољи брашно
- 1/2 литар млеко
- 100 ml кисела вода
- 1 прстофат сол
- 1 лажичка шекер
- Витаминка мармалад
- Витаминка Луна крем или Витакрем
- Шлаг пена

Наутро за појадок или навечер како лесна вечера со Витаминка мармалад од јагода, цреша, кајсија или праска, или пак Витакремот или Луна кремот на Витаминка, банани, бисквити или Витаминка Шлаг пена, палачинките се совршен оброк во секоја комбинација. Сите ги прават на различен начин. Некои ги сакаат потенки, други подебели, некои посни без јајца и млеко, други пак, ги сакаат полни и квалитетни.
Ако сакате да го погодите точниот рецепт за совршените палачинки, следете ја оваа постапка.

## Начин на подготовка

Изматете ги јајцата, додајте им сол, шеќер и млеко. Додајте брашно и матете додека не ги стопите грутките кои се прават во тестото. Ова главно зависи од брашното, но треба да добиете многу густа смеса за палачинки.
Додајте ја киселата вода и промешајте.
Оставете ја смесата да отстои 20-ина минути, а потоа печете ги палачинките на силен оган.
Наполнете ги со омилениот вкус од широката палета на производи на Витаминка мармалади и кремови и уживајте!









# Боенка

Радувајте му се на овој период од годината и уживајте во забавата боејќи ги нашите фотографии со летни мотиви!





## Логичка задача

Навидум едноставната загатка со собирање и одземање, каде овошјата се замена за број, но е вистински предизвик за да ја решите!




Одговор: Двата најчести одговори се следниве:
16 - лесно! 3 јаболка = 30, што значи едно јаболко вреди 10. Јаболко - 2 банани = 18. Ако јаболкото вреди 10, тогаш бананите вредат 4. Банана - кокос = 2, бананата вреди 4, што значи кокосот вреди 2. Последниот ред? Кокос (2) + јаболко (10) + банана (4) = 16.
Но, ако предвид земете дека целиот кокос е 2, тогаш половина е 1. Ако 4 банани = 4, тогаш 3 банани = 3. Односно, одземете 2 од резултатот и ќе добиете 14.
Збунети? Направете ја математиката сами уште еднаш и пишете го конечниот одговор.

## Поврзете ги броевите

Добијте интересен цртеж поврзувајќи ги броевите и потоа обојте го по желба.



| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | ВИТА-МИН-КА | ПРОИЗВОД НА ВИТА-МИНКА | ГРУПА ОРГАНСКИ СОЕДИ-НЕНИЈА | ХОЛАНДИ-ЈА | ЛАЃА, БРОД | "РИБОНУК-ЛЕИНСКИ АЦИД" | ПРВАТА БУКВА | СЕЛО КАЈ СТРУГА | ГЛАВЕН ГРАД НА ЈОРДАН |
| | | | | | | ГЛАВНА УПРАВНА ВЛАСТ | | | | | | | | |
| | | | | | | ЛАВ (ТУР.) | | | | | | ПАМЕТ / НБА КОШАРКАР, ЏОН | | |
| | | | | | | ВИОЛЕТА ТОМОВСКА | | | СИТНО ПАРЧЕ, РОНКА / ЛАПАЧ, НЕНАСИТ-НИК | | | | | |
| | | | | | | ГЕРМАНСКА ЛИЗГАЧКА, КРИСТИНЕ | | | | | ГЛАС, ЗВУК / МУЗИЧКА КОМПО-ЗИЦИЈА (МН.) | | | |
| ВИТА-МИН-КА | ХОЛИ-ВУДСКИ РЕЖИСЕР (ПИЈАНИСТ) | ХОЛИ-ВУДСКА АКТЕРКА, МАРГРЕТ | ФРАН-ЦУСКИ ХЕМИЧАР, ЛУЈ | КАШИ, СОСОВИ | ИТАЛИЈА | ОДРЕЧЕН ЗБОР / ВИД КОЊ-СКИ ОД | | | | | | | | ВЕЧЕРЕН ОБРОК |
| КРАТОК ОДГОВОР НА НЕЧИЈ ГОВОР | | | | | | | | ПРИЛОГ ЗА НАЧИН / ЦРНА ТВРДА ГУМА | | | | | | |
| ПОКАЗНА ЗАМЕНКА | | | | | ЖАЛИТЕЛ ДО ВИШ СУД / ОТКАЖУ-ВАЊЕ | | | | | | | | ШПАНИЈА / НАМИСЛА (РАЗГ.) | |
| АВТОЗНАК ЗА МАЛТА | | БЛАГОДА-РАМ (РУС.) / ГЛАВЕН ГРАД НА НИГЕР | | | | | | | | ВИД ИГРА СО КАРТИ / ЛАДОВИНА | | | | |
| ГРАД ВО ФРАНЦИЈА | | | | | | ОФИЦИ-ЈАЛНО ПИСМО / ДРАМСКА КУКА | | | | | | | | |
| ЛИЧНА ЗАМЕНКА | | | | УБИСТВО НА ПОЗНАТА ЛИЧНОСТ / ЈАПОНСКИ ДРЖАВНИК, КАКУЕИ | | | | | | | | ЗНАК ЗА ЕРБИУМ / ЕЛЕКТРОН | | |
| СОРАБОТ-НИК, ОРТАК (МН.) | | | | | | | | | НАЧИН НА ИСХРАНА / ИТАЛИЈАН. ПИСАТЕЛ, ПЈЕТРО | | | | | |
| МЕРКА ЗА ЕЛЕКТРО ОТПОР | | | МЕЃУСПИ-СИ (ЛАТ.) / ТРОПСКО ДРВО СО СЛАДОК ПЛОД | | | | | | | | | | | |
| ЛЕСНОТИ-ЈА | | | | | | | | РОМАНИЈА / ВИД ТРОПСКИ ГУШТЕР | | | | | | |
| ЖИВИНА | | | | | | | ВИЛИЈАМ ЕТИ / ЖИТЕЛИ НА СТАРА АОНИЈА | | | | | | | |
| НЕУТРОН | | ВО РЕД (АНГ.) / ПЕЈАЧ КАЈ СТАРИТЕ ГРЦИ | | | МИР (РАЗГ.) / ГРЧКА БУКВА | | | | | | | | | |
| УЛОГАР | | | | | | ЕЗЕРО ВО ФИНСКА / ДОЛИ ПАРТОН | | | | | | | | |
| "КИЛО ЕЛЕКТРОН ВОЛТ" | | | | МУСЛИМАН. МАШКО ИМЕ / ЛУМЕН | | | | | | | | | | |
| ХОЛИ-ВУДСКА АКТЕРКА | | | | | | | | | | | | | | |




ЦЕНТРАЛА, РСЛАН, УМ, ВТ, РАСКА, ЕРАТ, ТОН, НИКАКОВ, РЕПЛИКА, ОНАКОВ, ОНАА, АПЕЛАНТ, Е, М, СПАСИБА, ТОНЧ, АНТИБ, ПОСЛАНИЕ, НИЕ, АТЕНТАТ, ЕР, ПАРТНЕРИ, ДИЕТА, ОМ, АДАКТА, ЛЕСНОТА, Р, АЈМАНА, ВЕ, Н, ОК, РААТ, САКАТ, ОРИ, КЕВ, АДНАН, ИДА ЛУПИНО.

Приказната започна вака...




60 витаминка